Дека слободата на изразување е едно од основните права со кои се мери и демократијата во една држава говорат и извештаите на Европската комисија. Од извештајот за 2022 година[125] се заклучува дека земјата има постигнато одредено ниво на подготовка, односно дека е умерено подготвена во областа на слободата на изразување. Во однос на имплементирање на претходните препораки оценета е дека има постигнато ограничен напредок во текот на периодот на известување. Во извештајот се напоменува дека општиот контекст е поволен за слободата на медиумите и дозволува критичко медиумско известување, иако се регистрирани одреденитензии за време на локалните избори во 2021 година. Во однос на саморегулација на медиумите, препораката е таа да даде практични резултати во унапредувањето на професионалните стандарди на новинарството; потоа дека е потребна поголема транспарентност во однос на медиумското рекламирање од страна на државните институции и политичките партии; дека властите треба да ги засилат своите напори за реформирање на јавниот радиодифузен сервис, обезбедувајќи негова независност, професионални стандарди и финансиска одржливост. Во однос пак на Процесот на реформи на јавниот радиодифузен сервис, во согласност со неговата петгодишна развојна стратегија, тој е оценет како ограничен со доцнење во назначувањето на членовите на неговиот програмски совет.

[124] Извештај за работата на Здружението на новинарите на Македонија – декември 2022, Скопје, декември 2022 година, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/04/ZNM_Narativen_izvestaj_01-09.2022_Final_MK.pdf
Accessed 13.06.2023.
[125] Key findings of the 2022 Report on North Macedonia, European Commission- Countries insights, 12.10.2022, https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/COUNTRY_22_6092, Accessed 05.05.2023.

На глобално ниво пак мониторингот за состојбата на медиумската слобода и демократски развој на државите се врши од страна на институции како *Меѓународен институт за печат, Репортери без граници, Freedom House*, IFEX – International Freedom of Expression Exchange и други. Покрај другото, овие институции водат евиденција и за настраданите, исчезнатите, убиените или заробени медиумски работници.
Според податоците на *Репортери без граници* кои се однесуваат на 2023 година[126], од почеток на годината на светско ниво биле убиени 11 новинари и 1 медиумски работник, додека како заробени се водат 540 новинари и 22 медиумски работници. Ако овие бројки ги спoредиме со минатогодишните бројки, може да се каже дека има зголемување на заробените новинари и медиумски работници, а намалување на бројот на убиени новинари и медиумски работници (минатата година до месец јуни кога е правено истражувањето, биле убиени 29 новинари и 2 медиумски работници, а затворени 464 новинари и 18 медиумски работници. До крајот на годината пак вкупниот број на убиени новинари изнесувал 57 и 3 медиумски работници, додека бројот на заробените се намалил на 353 новинари и 14 медиумски соработници). Споредбено со 2021 и 2020 година, се забележува дека најголем број на новинари и медиумски работници биле убиени во 2020, односно 51 новинари и 4 медиумски работници, и нешто помалку новинари во 2021 година, односно, 49 новинари и 4 медиумски работници. Бројот пак на заробени од овие редови е помал, односно 274 новинари и 12 медиумски работници во 2020 година и 288 новинари и 13 медиумски работници во 2021 година.
Покрај статистиката за убиени и заробени новинари и медиумски работници, оваа агенција секоја година прави рангирање на државите според слобода на печат користејќи го *World Press Freedom Index*. Според последните податоци, како и во 2022 година, така и во 2023 година на прво место на ранг-листата е Норвешка, по која, на второто место, се наоѓа Ирска, а на третото, четвртото и петтото место се наоѓаат скандинавските држави: Данска, Шведска и Финска. С. Македонија оваа година бележи повторно раст (рангирана е на 38-то место) во споредба со 2022 година, кога беше рангирана на 57-то место, додека во 2021 година беше за 52 места подолу на листата, односно на 90-тото место. Оттука земајќи ги предвид последните три години, период кој е земен како рамка во ова истражување, може да се каже дека земјата прави голем скок, односно од 92-то место на кое била рангирана во 2020 година, на 38-то место на кое е рангирана во 2023 година.
Според извештајот на Freedom House[127] за 2023 година, С. Македонија, на скалата од 0 до 100 (каде што 0 е еднакво на најмалку демократско и 100 е еднакво на најдемократско) се наоѓа на 48-то место, со што се бележи скок од две места, во споредба со 2020 година кога била на 46 место.
Во однос на демократскиот напредок кој се рангира на скала од 1 до 7, (каде 7 претставува највисоко ниво на демократски напредок, а 1 најнизок), С. Македонија во 2023 година се бодува со 3,86, односно за мала процентуалност повисоко од 2020 година кога била бодувана со 3,75. Според бодувањето за глобална слобода пак, Македонија има 68 од вкупно 100 бода, која ја дефинира како парцијално слободна. Оттука во *Nations in Transit 2023*, С. Македонија е категоризирана како транзиционен режим, односно хибриден режим.
На регионално ниво се употребува Индексот на безбедноста на новинарите на Западен Балкан, алатка заснована врз истражување, дизајнирана да ги мери и да ги следи промените во соодветното општествено и политичко опкружување на земјите од Западен Балкан што имаат директно или индиректно влијание врз безбедноста на новинарите и медиумските професионалци додека ја практикуваат својата професија. Според извештаите на Здружението на новинарите на Македонија[128], за Индексот на безбедноста на новинарите во С. Македонија,

[126]Reporters without borders, https://rsf.org/en Accessed 12.06.2023.

[127]Freedom House, https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/nations-transit/2023 Accessed12.05.2021.
[128]Милан Спировски, *Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан Република Северна Македонија – Наративен извештај 2022*, Издавач Здружение на новинарите на Македонија, 2023, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/06/MK-MK.pdf Accessed 12.05.2021.

споредбено за 2021 и 2022 година, се забележува зголемување на предметите за клевета и навреда против новинарите, има извесно подобрување во поглед на пристапот до брзи и ефективни мерки за нивна заштита во случаи на закани и напади, (беше назначен посебен обвинител при Основното јавно обвинителство). Во однос на процесот на разоткривање на евентуални сторители на напади, перцепцијата за соработка меѓу надлежните институции резултира со ефикасност, но сè уште не е на задоволително ниво. За жал бројот на физички напади и закани кон новинарите е зголемен, а степенот на неказнивост сè уште е висок. Оттука може да се сумира дека вкупниот број на индекс за безбедност во 2021 година изнесувал 3.95, додека во 2022 година бележи благ пад на 3.92.
Несомнено може да се каже дека нападите и заканите на новинарите е поврзано токму со остварување на правото на изразување, односно слободата за информирање заради која причина во прилог на оваа тема и добивање на подобра општа слика за слободата на изразување на медиумските работници во С. Македонија во продолжение се прикажани резултати добиени од анализата направена во рамките на проектот „Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија – компаративна анализа“.

3. Резултати од истражување на тема: „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во Република С. Македонија?“

3.1. Предмет и цели на компаративната анализа

Предмет на компаративната анализа се одговорите добиени од сите медиумски работници (новинари, технички персонал), кои работата за печатени и електронски (радија, телевизии и интернет портали) медиуми, од следните градови: Штип, Кочани, Виница, Делчево, Свети Николе, Пробиштип и Струмица кои припаѓаат на Источниот Регион, потоа: Тетово, Гостивар, Битола, Струга, Кичево, Охрид и Дебар, од Западниот Регион, како и: Скопје, Куманово, Велес, Прилеп и Гевгелија, од Северниот и Јужниот Регион. Централниот извор на контакти со испитаниците беше Здружението на новинари на Македонија, каде постои регистар на околу 400 медиумски работници од сите видови медиуми во земјата. Истражувањето во Источниот Регион се спроведе во периодот од 12 мај до 12 јуни 2020 година, во Западниот Регион од 26 мај до 5 јуни 2021 година, додека во Северниот и Јужниот Регион, истражувањата беа спроведени од 5 април до 5 мај 2022 година. На анкетниот прашалник во Источниот Регион одговорија најмалку медиумски работници, околу 50 проценти. Од Западниот Регион одговорија 65 проценти од медиумските работници, додека најмногу, како што беше и очекувано, со оглед на опфатот и на главниот град Скопје, одговорија во Северниот и Јужниот Регион, со вкупно 70 проценти од регистрираните медиумски работници. По секое истражување беше направена анализа и статистичка обработка на податоците.
Целта на компаративната анализа, направена врз основа на тригодишно истражување спроведено во 2020, 2021 и 2022 година во Источниот, Западниот, Северниот и Јужниот Регион во Република С. Македонија, е да ја покаже генералната слика за перцепцијата на новинарите и медиумските работници за слободата на изразување, но и да покаже зошто е тоа така. Односно, конкретно да се идентификуваат факторите што влијаат врз слободата на изразување.
За потребите на оваа компаративна анализа беа креирани три електронски анкети[129] испратени до сите испитаници. За поголема ефикасност на спроведувањето на неа, анкетираните беа

[129] Наслов на анкетата: Анкетен прашалник за потребите на проектот: Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија, достапна на: https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSeudqdKLM4OGFnxxehB-jbpa7P5cSM-vCjeGZ6nEEa-9IC7Hg/viewform?usp=pp_url
Наслов на анкетата: Анкетен прашалник за потребите на проектот: Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западен Регион на Република С. Македонија, достапна на: https://docs.google.com/forms/d/1Ohh-vhJqdU2jTmn0utSP-M58ozM8VLAk1Y1xYsim0Tc/prefill
Наслов на анкетата: Анкетен прашалник за потребите на проектот: Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија,

контактирани и телефонски од страна на студентите по медиумски студии и односи со јавност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Важно е да се нагласи дека анонимноста на анкетата овозможи поголем интерес од испитаниците да ги одговорат поставените прашања. Во сумирањето на резултатите од истражувањето беа користени истражувачките методи анализа, синтеза, дескриптивниот метод, статистичкиот, споредување на податоците и др. Се водеше грижа во структурата на примерокот да биде подеднакво застапена половата и возрасната категорија.

Во сите три истражувања се поаѓа од општата претпоставка дека врз перцепцијата на медиумските работници на слободата на медиумите, влијаат повеќе фактори кои меѓусебно се испреплетуваат. Така, пред сè појдовме од претпоставката дека врз перцепцијата на медиумските работници на слободата на медиумите влијае социоекономскиот статус на медиумските работници. Несомнено, мошне важен фактор којшто влијае на перцепцијата на медиумските работници врз слободата на изразување, секако е и образовниот статус на самите новинари. Понатаму, не треба да се занемари и правната регулатива која ги „покрива“ општествените односи во медиумската сфера во Република С. Македонија.

Имено, од анализата на одговорите за правната регулатива се очекуваше да се утврди дали и колку таа влијае врз слободата на изразувањето. Додека од анкетното истражување се очекуваше да се утврди дали и колкаво е влијанието на ефикасноста на институциите кои имаат надлежност во работата на медиумите, како и политиките што тие ги креираат и имплементираат во оваа сфера.

Една од хипотезите во истражувањето е дека врз слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија влијае и работно-правниот статус на вработените во медиумите, како и уредувачката политика, сопствениците на медиумите, бизнис интересите (на локално, регионално и национално ниво), политиката на сите нивоа, професионалното организирање и здружување, односно саморегулаторните тела во државата, функционирањето на институциите кои имаат надлежност во оваа сфера и меѓународната контрола.

3.2. Резултати од истражувањето

Како што беше веќе споменато истражувањето беше спроведено преку анкетирање, односно анкетен лист кој содржи 25 прашања, со крајна цел да се даде јасна слика за клучното прашање: „Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во Република С. Македонија?“. При изборот на анкетираните лица се водеше сметка да бидат опфатени припадници од двата пола, како и да се опфатат вработени како во националните, така и во регионалните и локални медиуми. Половата застапеност на анкетираните во проценти во Источниот и Западниот Регион беше речиси рамномерна, односно е 50-50, додека во Северниот и Јужниот доминираа медиумски работници од женскиот пол, со застапеност од 63 проценти во одговорите. Најголем дел од анкетираните од западот, северот и југот, се вработени во национални медиуми (54,5 проценти и 63 проценти), додека во Источниот Регион, најмногу одговори (35,7 проценти) беа добиени од испитаници во регионални/локални телевизии. Најголем процент од одговорите, во просек споредено од сите три истражувања, се од новинари и уредници – 50,4 проценти, додека останатите одговориле под графите „технички персонал“ и „други“.

Општата оценка добиена од истражувањето е дека слободата на изразувањето на медиумските работници во Република С. Македонија е „добра“, или односно оценета со оценка 3, каде 1 значи нула слобода на изразување, додека 5 значи целосна слобода на изразување. Според редоследот на прашањата, се добија долунаведените резултати.

Од добиените резултати од тригодишните истражувања произлегува дека едно од клучните прашања кое ја определува генералната оценка на перцепцијата на новинарите во Република С. Македонија е *платата*, односно *финансискиот надоместок на месечно ниво.*

---

достапна на: https://docs.google.com/forms/d/1Ohh-vhJqdU2jTmn0utSP-M58ozM8VLAk1Y1xYsim0Tc/prefill

Имено повеќе од половина од медиумските работници од Источниот Регион (57,1 проценти) и помалку од половина во Западниот Регион (40,9 проценти) земаат многу ниски плати и хонорари, односно далеку помалку од просечната месечна плата во државата, или до 20 000 денари. Исклучок се Северниот и Јужниот Регион, каде што заради главниот град Скопје, просекот покажува дека медиумските работници се за нијанса подобро платени, односно 43,5 проценти одговориле дека имаат месечен надоместок од 20 000 до 30 000 денари. Најголем процент медиумски работници со плата од 40 000 до 50 000 денари, и над 50 000 има во Скопје и околината.

Но, ако *стабилното вработување* влијае врз перцепцијата, тогаш тука сликата е позитивна, односно 68,7 проценти од анкетираните македонски медиумски работници се вработени на неопределено време, 17,4 проценти на определено време, а останатите се изјасниле дека се хонорарно ангажирани, преку проект, договор на дело или друго.




1. Источен Регион




2. Западен Регион




3.Северен и Јужен Регион

На горниот приказ се гледа дека мнозинството од оние кои одговориле, во просек 70,4 проценти (или одделно по региони 1, 2 и 3) не се доволно платени за тоа што го работат. Останатите од испитаниците одговориле потврдно. Мнозинството (62,1 проценти од сите региони) одговориле дека медиумите во кои работат се финансираат од реклами и други донации.

Во натамошниот дел од прашалникот, мнозинството од испитаниците од истокот се изјасниле дека во нивните известувања *доминираат теми со локални прашања*, додека кај останатите региони доминираат *сите прашања подеднакво и регионални, и локални и национални.*

На прашањето *„дали се чувствуваат слободни да пишуваат и објавуваат за теми што го засегаат местото каде живеат и работат*?" – 41,9 проценти одговориле дека *„целосно се чувствуваат слободни*", 45,5 проценти дека *„во поголемиот дел од темите, да",* а 8,86 проценти дека *„не можат да објават ништо без одобрение од уредник".*
На прашањето, со не повеќе од 2 реченици, да опишат *како ја разбираат слободата на медиумите*, во мнозинството на одговорите доминира зборот *„слобода*".
На пример:
*-слобода на медиумите треба секогаш да остане така;*
*-слободно мислење, слободни раце за пишување;*
*-слободно изразување;*
*-слободата на изразување ја разбирам како можност за објавување на сите вести, особено на тие „пожешките";*
*-слобода на комуникација и изразување, без мешање на други лица*.

На истото прашање одреден број од испитаниците одговориле дека слободата на изразување ја разбираат како *„начин граѓаните да бидат информирани за се, преку објективни и непристрасни новинари кои се независни од политички и партиски притисоци од локалната власт*".
Помалку бројно, но сепак се повторуваат одговорите дека *„стабилните и натпросечни плати*" се еден од клучните фактори. Но има и такви кои сметаат дека слободата на изразување во С. Македонија *„не постои*", односно е *„утопија*", а дека *„ситуацијата не била никогаш претходно полоша отколку сега*".
Во врска со рангирање на факторите кои влијаат врз слободата на изразувањето на новинарите од најважен до помалку важен, првите пет се: *уредувачката политика, политиката на сите нивоа, правната регулатива во оваа сфера, бизнис интересите на сопственикот, сопственикот на медиумот.*
Процентите на одговорите се илустрирани во графиконите 1, 2 и 3 во продолжение.




Графикон 1: Источен Регион




Графикон 2: Западен Регион




Графикон 3: Северен и Јужен Регион

Мнозинството од испитаниците, односно 64,6 проценти се изјасниле дека *„кога би имале прилика нема да ја сменат професијата“*, додека останатите од испитаниците се изјасниле дека кога би имале друга можност би ги напуштиле медиумите.
На прашањето: – *„Дали новинарите треба да преземат нешто и што за да ја подобрат ситуацијата на професионално, етичко, морално ниво?“* – доминира одговорот во насока на тоа дека *„постои поделба и неединственост меѓу новинарите и медиумските работници, која се рефлектира и во Здружението на новинари (ЗНМ), заради што нема силна организација која со полн капацитет ќе се бори за подобри денови“*.
Други сметаат дека *„потребни се повисоки плати, платена прекувремена работа, бенефициран стаж, платена работа за време на празници, систематизација и можност за напредок на работното место (медиумот), позаинтересирани уредници кои што ќе работат со помладите новинари, ментор во секој медиум, подобрување и осовременување на студиите по новинарство, поголеми можности за пракса на студентите за време на студиите“.*
Во однос на перцепцијата за Здружението на новинари на Македонија, најмногу медиумски работници Здружението на новинари на Македонија го оцениле со оценка 3, или *„добро“.* На прашањето, за кои причини најчесто се обраќаат на Здружението, најголем дел од нив одговориле дека се обраќаат кога се прекршени или повредени нивните права. Меѓу одговорите често пати се повторува пораката дека – *„медиумските работници не се чувствуваат доволно безбедно додека ја вршат својата работа“.*
Новина во оваа насока е носењето на законот според кој напад врз новинар се третира како напад врз службено лице. Дискутабилно е што останатите медиумски работници не се опфатени во овој закон, а многу често се токму снимателите и други теренски работници мета на физички и други типови на напади. Оттука нецелосно е обезбедена заштитата на сите медиумски работници, нешто што во иднина мора да се промени.
На прашањето кое во една реченица би можело да ја илустрира перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразувањето, односно: *„Дали постои цензура во медиумите во С. Македонија?“* – мнозинството од медиумските работници одговориле дека: *„Има делумна цензура“*, а помалку се изјасниле дека: *„Цензурата е целосна“*. Но, на прашањето: *„Од кого?“*, одговорот е различен во различните региони. Па така во Источниот Регион кај медиумските работници доминира *„автоцензурата“*, во Западниот, Северниот и Јужниот Регион одговориле дека цензурата е *„наметната од бизнис заедницата“*. Сепак не е исклучена ни политичката цензура како одговор, која доаѓа директно од политичките партии.
На прашањето: *„Зошто се автоцензурираат медиумските работници?“* – 46,2 проценти одговориле дека тоа го прават заради *„страв од губење на работното место“*, додека 27,1 процент рекле дека во прашање е *„немање професионален и морален интегритет кај новинарите“*.
Меѓу најважните илустрации се следните и последни три фотографии од процентите од сите три истражувања, на кои со оценка од 1 до 5 се оценува слободата на изразување на медиумите во Македонија. Од одговорите се сумира дека мнозинството медиумски работници се изјасниле, давајќи оценка три.




1. Источен Регион




2. Западен Регион




3. Северен и Јужен Регион

Од илустрираната компаративна анализа се покажува дека во слободата на изразување кај медиумските работници има уште многу што да се „инвестира“. Гледајќи ги истакнатите фотографии и графикони јасни се точните полиња каде медиумските работници ги лоцираат проблемите, на кои мора индивидуално, но и колективно да се работи на унапредување. Посебна анализа заслужуваат новите законски решенија со кои напад врз новинар се смета како напад врз службено лице.

**Заклучок**

Од горенаведените извештаи на меѓународните агенции за мониторинг на состојбата на новинарите и медиумските работници може да се заклучи дека тие преставуваат еден од контролните механизми за унапредување, корекција и одржување на демократските процеси и состојби во едно општество. Оттука е многу важно да се обезбеди слобода во нивното делување и креација и во филозофска и во практична смисла на зборот. Во овој контекст тоа пред сѐ значи професионален и финансиски интегритет, безбедни услови за работа, сигурност на работното

место. Колку, во македонскиот случај тие се реализирани, покажуваат и процентите од компаративната анализа од сите три спроведени истражувања. Со други зборови, сликата не се променила три години по ред. Единствената разлика е што оваа година се донесе законско решение со кое нападот врз новинар се третира како напад врз службено лице. И тоа е новина која беше поздравена од новинарската фела, но не и од останатите медиумски работници, бидејќи се штитат само новинарите. Новинарството е тимска работа, а многу често мета на напади се и снимателите и фоторепортерите кои овој закон не ги опфаќа, односно штити.
Во сите три истражувања се поаѓа од неколку хипотези, а добиените резултати, ги потврдуваат следните:
Општата претпоставка беше дека перцепцијата на медиумските работници за слободата на медиумите подлежи на влијание од повеќе различни фактори и истражувањата го потврдуваат тоа.
Од низата факторите кои беа набројани, според резултатите добиени од истражувањата може да се заклучи дека: уредувачката политика, политиката на сите нивоа, правната регулатива во оваа сфера, бизнис интересите на сопственикот и сопственикот на медиумот се петте клучни влијанија во перцепцијата на слободата на медиумите.
Социоекономската состојба на медиумските работници, како и образовниот статус на самите новинари, се меѓу факторите за кои се потврди хипотезата поставена на самиот почеток на трудот – дека своевидно ја одредуваат перцепцијата на слободата на медиумите.
Во однос на општата цел на оваа споредбена анализа, генералната слика за перцепцијата на новинарите и медиумските работници во овој дел од земјата за слободата на изразување е: добра, односно оценета со 3.
Во однос на конкретната цел на компаративната анализа се покажа дека, причините и факторите што влијаат врз слободата на изразување се тесно поврзани со факторите кои влијаат на цензурирањето на неа, а потекнуваат од: бизнис заедницата, политичките партии, од претпоставените (уредници, сопственици), од државните институции, но има и автоцензурата.
Во однос на извештаите од регионалните и меѓународните мониторинг институции, се заблажува дека земјата има постигнато одредено ниво на подготовка, односно дека е умерено подготвена во областа на слободата на изразување, се категоризира како транзиционен односно хибриден режим и се наоѓа на средина на ранг-листата според демократскиот напредок. Според бодувањето за глобална слобода пак, земјата е рангирана со 68 од вкупно 100 бода, дефинирајќи ја како парцијално слободна, додека според слобода на печатот во последните четири години С. Македонија бележи голем скок од деведесет и второто (2020 година) на триесет и осмото место (2023 година).
Како што беше погоре кажано новина од оваа година во македонската законска регулатива е заштитата на новинарите. Според новите законски измени напад врз новинар, но не и на сниметел или друго техничко лице, се третира како напад врз службено лице. Оваа новина преставува предизвик за спроведување на ново истражување за тоа колку реално, законското решение со кое се третира нападот врз новинар како напад врз службено лице, навистина ги намалило нападите.

**Користена литература**


1. Андон Мајхошев, Јорданка Галева, Искра Коровешоска, Јадранка Денкова, *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Исотчниот Регион на Република С. Македонија,* Proceedings, 7th International conference: Social changes in the global world, Vol.2,, University “Goce Delcev” – Shtip, Faculty of Law, September 2020

2. Анкетен прашалник за потребите на проектот: Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија, достапна на: https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSeudqdKLM4OGFnxxehB-jbpa7P5cSM-vCjeGZ6nEEa-9IC7Hg/viewform?usp=pp_url

3. Анкетен прашалник за потребите на проектот: *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западен Регион на Република С. Македонија*, достапна на: https://docs.google.com/forms/d/1Ohh-vhJqdU2jTmn0utSP-M58ozM8VLAk1Y1xYsim0Tc/prefill;
4.Анкетен прашалник за потребите на проектот: Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија, достапна на: https://docs.google.com/forms/d/1Ohh-vhJqdU2jTmn0utSP-M58ozM8VLAk1Y1xYsim0Tc/prefill
5. Charter of Fundamental Rights of the European Union, Official Journal of the European Union C 326/395, 26.10.2012, https://ednoopstestvo.vlada.mk/1017-2/
6. Европската Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Council of Europe, https://www.echr.coe.int/documents/convention_mkd.pdf
7. Freedom House, https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/nations-transit/2023
8. Извештај за работата на Здружението на новинарите на Македонија – декември 2022, Скопје, декември 2022 година, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/04/ZNM_Narativen_izvestaj_01-09.2022_Final_MK.pdf
9. Искра Коровешовска, Јорданка Галева, Андон Мајхошев, Јадранка Денкова, *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Западниот Регион на Република С. Македонија*, Зборник од 8-ма Меѓународна Научна Конференција „Општествени промени во глобалниот свет„, Универзитет „Гоце Делчев„ Штип, Штип, 2021
10. Јорданка Галева, Искра Коровешовска, Андон Мајхошев, *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Северниот и Јужниот Регион на Република С. Македонија*, Зборник од 10-та Меѓународна Научна Конференција „Општествени промени во глобалниот свет„, Универзитет „Гоце Делчев„ Штип, Штип, 2022
11. Key findings of the 2022 Report on North Macedonia, European Commission- Countries insights, 12.10.2022
https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/COUNTRY_22_6092
13. Меѓународниот пакт за основни граѓански и политички права, United nations human rights, office of the high commissioner, https://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CCPR.aspx
14. Милан Спировски, *Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан Република Северна Македонија – Наративен извештај 2022*, Издавач Здружение на новинарите на Македонија, 2023, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/06/MK-MK.pdf
15. Reporters without borders, https://rsf.org/en
16. Универзална декларација за човекови права. United nations, https://www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights